

Јанко Илковски

# Ноќни разговори

Има еден ден
во годината кој го знаат
уметниците,
некој ден во август,
кога има
мугра и светлина
која е насекаде
но нема сенки.
Фасцинирани
стануваат рано
да сликаат
во овој феномен на
светлината.
Ова беше таков ден...

Кој знае која цигара беше по ред, пепељарата наликуваше на мал вулкан, мини помпеја од која се прелеваше пепел преку рабовите. Сетилата толку беа затапени што носот не чувствуваше никаква нелагодност која произлегуваше од остатоците на ѓаволовиот темјан. Кој знае која седенка беше по ред, градот и онака умре во бавна апокалипса на најмоќното оружје - здодевноста. Седевме еден карши друг во амбиент на чад и музика која доаѓаше од некоја недефинирана станица на радиото, некаде на АМ скалата со звук кој имаше само благи средни тонови и танцовата музика наликуваше на амбиентален експеримент, згора на тоа во моно верзија имаше ефект на хипнотичка опуштеност. Ми се чинеше дека сказалката за секунди на часовникот на ѕидот постојано забавува, дека секоја наредна секунда има сè подолга пауза, или тоа беше заради батеријата која се цедеше со зелен секрет... Кој знае кој ноќен разговор беше по ред, во истата просторија во нискиот подрум, адаптиран да наликува на мала канцеларија на некој изгубен истражувач кој ама нема поим ниту што бара ниту каде, секој предмет во собата просто говореше за јаловоста на неговиот интелектуален капацитет. Но Соговорникот беше елоквентен, високоедуциран, со длабок, претерано длабок глас. Згора на тоа зборуваше бавно и секој збор делуваше сугестивно, природен талент да го зашемети соговорникот со сочноста и звучноста на мислите кои како да беа една бавна, спокојна вибрација... Претерав, евтиното вино почна да делува, го баталив и останав само со цигарите, а тој замислено се загледа во тапетот со хипнотичка шара на ѕидот и почна да беседи...

- Има едно племе во Африка кое негува култ кон еден симбол за кој долго време никој не знаеше што претставува. Писателот Роберт Темпл ја истражуваше митологијата на ова древно племе започнувајќи во 1967, што резултираше со објавување на една од најконтроверзните книги воопшто - тајната на Ѕвездата Сириус. Сириус е двојна ѕвезда, која ја следи бело џуџе (вид на сонце со голема густина); тие орбитираат околу себе во период од 50 години колку што е потребно да направат круг, полн циклус. Фасцинантноста е, претпоставуваш, дека они го имале спознанието и симболот кој ја претставува ѕвездата Сириус, со толкава прецизност што ги отфрла сите шанси дека се работи за случајност или сличност. Они го негуваат и 50-годишниот циклус на меѓусебната ротација...

- Знам, ми ја спомна книгата пред некој месец, ја прочитав минатата недела, малку е преголема...

- Си ја купил?

- Не за мене, девојката на мојот пријател ме замоли да ѝ помогнам да одбереме книга за него со која ќе го фасцинира, ми текна што ми кажа еднаш и ја купивме. Денес му ја подари. Дури ѝ напишав посвета, демек од нејзино име - *Нека овие мигови не бидат како песок кој бега од нашите раце...*

- Патетично.
- Мене ми кажуваш. Остај се...
- Штета што не ја зема за себе, интересна е.
- Да, мистикум балзам за коса и шампон за умот.
- Ха, ха, си мислиш...
- Па, да...
- Ја виде сликата на орнаментите на племето?
- Да, потполно се исти со констелацијата на Сириус...
- Не се прави паметен, констелација е соѕвездие, се работи за позиција на две сонца...
- Да, но бидејќи висат на небо, кога тогаш некој ќе ги види и опише, што има тука мистично?
- Оди пробај да ја видиш ѕвездата Сириус без телескоп од најмалку два метри...
- Па како тогаш...
- Во паганштина во каква живеат и денес, имале претстава за небеско тело кое не се гледа а кое е прецизно опишано и кон кое се вртат при обредите со потполна точност, како им успеало?
- Да, како?
- Некој им кажал.
- Елиени?
- Елиени ти се демонолошка форма на она што некогаш било змеј, демон, суштество со копита и опаш, вампир кој цица крв и конечно модерната митологија ги исфрла елиените како убер битија кои го посеале семето на животот, сè е исти ѓавол.
- Може да е вистина...
- Да, ако испиеш уште малку од тоа вино...
- Сакаш?
- Не, благодарам, во принцип не конзумирам вино кое има иста амбалажа како и разредувач.
- Гален си...
- Не, само си го штитам дробот. Отидов, лека ноќ, глуво доба е.

Некој се накашла, мислев дека не си отишол. Стоеше на врата, висок и сув, влезе и седна. Мојата подрумска соба често беше место каде доаѓаа непознати фаци. Немаше многу отворени места во градот, а кај мене често се собиравме. Не ми текнуваше од каде го знам, но кога веќе толку слободно влезе сигурно е некој кој ме познава, само сега не ми текнува, не ќе да е од виното, се препушив, дефинитивно. Се прашав има ли моќ некој да ме оттргне од оваа чадлива навика? Во главата ми блесна лик на човек со брада. Гостинот уште посилно се закашла...

Го понудив со вино, не рече ништо, имаше на себе долг мантил и не можев да забележам каков е, но и не ми беше важно, и онака местото го нарекував УФО клуб, или клуб за неиндетификувани летечки објекти, пред сè алудирајки на гостите кои доаѓаа, а кои најчесто никогаш повеќе не ги здогледував повторно, никаде. Бев толку уморен, што ја зафрлив главата наназад и понатаму спремен за дијалог со... кој и да е. Ми беше матно пред очите... умор. Човекот говореше чудно, кога ќе го погледнев ми личеше дека не ја отвара устата, гласот како да му го слушав во главата. Ми рече дека се спрема да тргне на пат, имал работа, а железничката е близу. Ќе одел во некојси манастир, имало таму некој тип кој пишувал нова книга, нешто што било многу важно за него, па пред да појде, дојде тука, наместо во чекална. ?
- А што пишува тој таму? Монах е? Поп, свештеник, вотевер?
- Се облака како монах и ги прелажал сите во братството, пишува книга која во суштина ја препишува, а сака да ја издаде како своја и за неа да земе пари, многу пари.
- Па што ти се секираш за тоа?

- Препишува од мене.
- А како тоа не знае дека препишува? - веќе со пола уста го дрочам муабетот колку да се тркала, не оти ми значи што ќе ми одговори, апатичен сум како муабет после литургија кога зад црквата се собираме на нова метанија со цигари во устата и оговараме сè што живо се движи по земјата. И сега е така, само што сум во полулежечка состојба и го гледам со едно полуотворено око.
- Па пишува за новиот рај, но веќе е напишано такво нешто, а со тоа ќе има проблеми со копирајтот. Книгата е одамна издадена, јас сепак не ја напишав но ја издадов и тоа во голем тираж, а мојот колега од локалната бранша ми јави дека го видел текстот во сирова форма но суштината на идејата била иста и затоа одам, да ги средам авторските права. На станица треба да се најдам со уште двајца адвокати и со нив одиме таму, право кај него.
- Па ти ја тргаш големата, многу камен е во игра??
- Ептен е вредноста голема за да дозволам некој да се плетка, згора на тоа, собрал куп момчиња и девојки кои му помагаат оти се надеваат дека од тоа ќе се сними и филм во Холивуд а можеби и серија. Патем, веќе е снимен филм по таа книга, додуша снимени се неколку досега.
Малку се подрасонив, но небулозата на муабетот беше толкава што не знаев дали е тоа од гасовите во стомакот или акутниот недостаток на кислород во нискиот подрум.
- Како се вика книгата?
- Новите Небеса.
- Не знам ни за филм ни книга по тоа име.
- ?Се работи за ново царство на небото, а ново царство во суштина е нов пекол, но бидејќи одамна е поделено небото на Горе и Долу, секоја алтернатива влегува во моја јурисдикција.
- Како тоа?
- Па ново небеско царство во суштина е нов пекол, но бидејќи веќе тој постои...
Се исправив како попарен.
- Тоа лично ме засега...
Се загледав скаменет во неговите црвени очи... или тоа беше одблесок од цигарата која ја пушеше.
Ми дувна во лице и ми го замагли видот, ми рече...
- Мислиш вонземјаните ќе дојдат со летечки чинии, па тоа е под нивото на Алиса... Пеколот е мој ресор, а јас не трпам конкуренција. Новите легиони немаат елиеновски очи и опаши, ниту пијат крв, тоа се угледни господа во скапи костуми со дипломи од правен факултет, адвокатите и човековата правда.
Звукот на локомотива го запари воздухот се громогласен писок, тој се насмеа и излета од собата. Срцето ми лупаше како тимпан, истрчав надвор и како да влегов во друг свет. Беше разденето, но без сонце. Има еден ден во годината кој го знаат уметниците, некој ден во август, кога има мугра и светлина која е насекаде но нема сенки. Фасцинирани стануваат рано да сликаат во овој феномен на светлината. Ова беше таков ден... светлина без сенки и спокојно мирно летно утро... Застанав покрај леите со домати, таму беше татко ми, стално стануваше рано: Ме погледна, онака строго оти знаеше дека не сум легант. Беше во ленено летно одело, не проговори, само ме гледаше и опуштено пушеше Кент.
- Ноќеска... разговарав со ѓаволот... - реков.
- Иди отрезни се... те чека дедото... - се сврте и замина на работа.